

# ЗНМ: Претставка до Комората за приватно обезбедување за попречување на работата на медиумски екипи

16/03/2022 - 19:04 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

За време на настанот во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање кој се одржа во кругот на фабриката ОХИС во Скопје, ЗНМ информира дека до нив стигнала пријава за инцидент во кој снимателите биле попречени во својата намера професионално да го покријат овој настан, за кој претходно имале уредна покана.

„Станува збор за ограничување на нивното движење во кругот на фабриката од страна на лице вработено во приватната агенција за приватно обезбедување НИКОБ со што се отежнал нивниот пристап до настанот. По реакциите од страна на наши колеги сниматели и новинари за овој инцидент ЗНМ ќе достави претставка до Комората за приватно обезбедување на Република Северна Македонија со цел расчистување на овој инцидент за агенцијата за обезбедување НИКОБ“, реагираат од ЗНМ.

Од таму потенцираат дека е потребно да се знае дека припадниците на агенциите за приватно обезбедување во ниеден случај не смеат да ја ограничат работата на снимателите и новинарите кои известуваат, бидејќи на тој начин се ускратува и правото на информирање на граѓаните.

„Укажуваме дека одговорноста за вакви попречувања на работата на новинарските екипи не може да биде само на приватните агенции туку и на организаторот односно на Министерството за животна средина кое во иднина мора да овозможи услови за слободно работење на снимателите и новинарите“, се вели во реакцијата.

0 0

МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА







ПОПУЛАРНО


Герила акција - Низ Скопје поставени најчестите дезинформации со поука


Новинарка на СДК.мк повикана во полиција за објавен текст


Младите ја доживуваат состојбата во земјата како „криза, катастрофа и хаос“

Филхармонија со „Реквием за војната“ ја затвора концертната сезона




[Рецензија] Хипнотизирани од вистината - кон тетарската претстава “Пациенти” на Театар Провокација

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE


17/05/2022
Младите во Србија можат да се пријават за државна помош од 100 евра

17/05/2022
Секој трет Германец се плаши дека ќе мора да го промени